ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје, бул.8-ми Септември бр.19А, 1000 Скопје
Централа: +389 2 3228 904 Штети: +389 2 5511 563 Факс: +389 2 3117 194
contact@euroins.com.mk steti@euroins.com.mk finansii@euroins.com.mk

# ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

**ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје** претставува друштво за осигурување со долги години успешно работење на македонскиот осигурителен пазар, **врши повик за работа за следната работна позиција со утврден профил на кадар**:

## ЕКСПЕРТ ЗА ИЗВИД И ПРОЦЕНА НА ШТЕТИ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА

### ОПИС НА РАБОТНИТЕ ЗАДАЧИ И ОДГОВОРНОСТИ:

- Извид на настанати пријавени штети на моторни возила во определен простор за извид на штети, во сервиси за поправка, како и извид на пријавени штети надвор од седиштето на Друштвото и по потреба на регионот на територија на државата;
- Фотографирање на настанати штети;
- Изготвување записник со детален опис на настанати штети и оштетени делови за замена или поправка;
- Врши калкулација на потребни средства за поправка или замена на оштетени делови;
- Утврдува степен на оштетување (делумна или тотална штета);
- Утврдува висина на настанатата штета.

### НУДИМЕ:

- Вработување на определено времетраење од 3 (три) месеци, со можност за продолжување на договорот за вработување;
- Полно работно време од 40 часа, од понеделник до петок, од 08:00 до 16:00 часот;
- Конкурентна плата, во зависност од квалификацијата и искуството на кандидатот;
- Работа во динамична, развојна и пријатна средина;
- Можности за развивање и континуирано персонално усовршување;
- Работно место во седиштето на Друштвото во Скопје.

### ПОТРЕБНИ КВАЛИФИКАЦИИ, ИСКУСТВО И ОБРАЗОВАНИЕ:

- Високо или средно образование - општа, економска или техничка насока;
- За предност ќе се смета работно искуство во друштво за осигурување;
- Солидно познавање на работа со компјутери и MS Office;
- Аналитичен пристап кон решавање на доделените задачи;
- Посветеност, претпазливост, одговорност;
- Комуникациски способности, способност за тимска работа.

**Доколку сметате дека сте вистински кандидат кој може да изгради цврсто фокусирана организациска култура, Ве молиме испратете Ваша биографија на македонски јазик на следната e-mail адреса: hr@euroins.com.mk со назнака дека аплицирате за конкретното работно место, не подоцна од 20.06.2023 година. Вашите документи за аплицирање треба јасно да покажат зошто токму Вие одговарате за позицијата за која аплицирате.**

**Со самото аплицирање, кандидатот се согласува неговите лични податоци наведени во биографијата и пропратните документи да бидат чувани во базата на податоци и обработувани од ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје во рок од 1 година од денот на истекот на рокот за избор. Кандидатот има право во секое време да ја повлече дадената согласност за чување и обработка на неговите лични податоци согласно Законот за заштита на личните податоци(*).**

**Само кандидати кои ќе влезат во потесен избор ќе бидат контактирани на интервју.**